Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Министерство за труд и социјална политика**

[redacted]

Влада на Република Македонија
Министерство за труд и социјална политика

Бр. 10-1907/5
09-04-2012 год.
Даме Груев бр.14,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3 106212
Сајт: www.mtsp.gov.mk

**До: Влада на Република Македонија**
**Министерство за информатичко општество и администрација**

**Предмет: Извештај од спроведени консултации по однос на Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок**

*Почитувани,*

Согласно со член 8 и 9 од Упатството за начинот на постапување во работата на министерствата за вклучување на засегнатите страни во постапката за изготвување на закони Службен весник на РМ бр.150/11, Министерството за труд и социјална политика во постапката на подготовка и пред поднесување на Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок до Генералниот Секретаријат на Владата на Република Македонија, Ве известува дека во предложениот текст на истиот се овозможи јавен увид, односно истиот беше објавен на ЕНЕР од 12.03.2012 година, заедно со образец број 1-План за почетна процена на влијанието на регулативата и обрзец број 2 –Иницијалната проценка на влијанието на регулативата како и на веб страната на министерството на ден 19.03.2012 година преку соопштение односно писмена покана до засегнатите страни да земат учество во јавниот увид во текстот на предлог-законот со пропишаните прилози.Со објавувањето беше овозможено сите засегнати страни да го дадат своето мислење и коментари по Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок.

Согласно горенаведеното, Министерството за труд и социјална политика доставува извештај дека од страна на засегнатите страни од јавниот увид нема добиени коментари, мислења и предлози по однос на Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството

[redacted]

чиј хранител е војник на служење на воениот рок, по објавувањето на ЕНЕР и на веб страницата на министерството.

Воедно, согласно член 4 од Упатството Министерството за труд и социјална политика Ве известува дека Предлог на Закон за престанување на важењето на Законот за правата на членовите на семејството чиј хранител е војник на служење на воениот рок заедно со пропишаните прилози ги има објавено на веб страната на министерството.

Изработил: Софија Спасовска
Контрилирал: В.Павловска
Одобрил: Зихра Мамети

**МИНИСТЕР**
**Спиро Ристовски**